**20141414380**

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 29 и 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014 и 113/2014), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 18 август 2014 година, донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕТО НА ПРАВАТА И ОБВРСКИТЕ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНОТО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ**

Член 1

Во Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 54/2012, 138/2012, 164/2012, 57/2013, 64/2013, 88/2013, 119/2013, 145/2013, 172/2013, 34/2014 и 120/2014), во членот 55 се додава нов став 4 кој гласи:

„Избраниот лекар од дејноста општа медицина, образецот на упатот од став 2 на овој член може да го користи само за утврдување на вредностите на биохемиската лабораториска здравствена услуга ТСХ (тиреостимулирачки хормон).“

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство, а ќе се применува од 1 ноември 2014 година.

| | |
|---|---|
| Бр. 02-14395/3 | Управен одбор |
| 29 август 2014 година | Претседател, |
| Скопје | **Елена Трпковска,** с.р. |